РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
ул. Петар Дељан бр.17, 1000 Скопје, Република Македонија; тел: ++389 2 2785 400; факс: ++389 2 2770 210; е-маил: contact@kiselavoda.gov.mk;
веб страна: www.kiselavoda.gov.mk

Бр. 13-2300 / 10 од 13.05.2020 год.

Врз основа на член 1,член 2а и член 26 од Уредба со законска сила за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вондредна состојба и член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18), и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планорање (Сл.весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Град Скопје" бр.8/2005 и Сл.гласник на Кисела Вода бр.13/2006), донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со решение бр. 08-11142/2 од 31.12.2018 година за изработка на Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј13 – Блок 01 и Блок 02, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета по предлог ДУП за измена и дополна на Градска четврт Ј13 – Блок 01 и Блок 02, Општина Кисела Вода

Граници на опфатот се :

- **исток**, по осовината на постојната улица „Димитар Мирасчиев“ до крстосница со Булевар „Борис Трајковски“.

- **југ** границата на планскиот опфат се движи во северозападен правец долж постојниот Булевар „Борис Трајковски“
- **запад** границата започнува од крстосницата помеѓу Булеварот „Борис Трајковски“ и улицата „Народни Херои“, па продолжува да се движи по осовината на постојната улица „Народни Херои“
- **север** границата движејќи се во североисточен правец осовината на планираната транзитна магистрала Булевар Македонија.

Опфатот е со површина од 8,88 ха.

Јавна анкета по предлог измена и дополна на Деталниот урбанистички план за Градска четврт Ј13 – Блок 01 и Блок 02, ќе се спроведе со излагање на предлог - Планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, почнувајќи три дена од денот на објавувањето на Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј13 – Блок 01 и Блок 02, Општина Кисела Вода.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода. секој работен ден од 08:30-16:00 часот

Јавна презентација по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј13 – Блок 01 и Блок 02, Општина Кисела Вода, ќе се спроведе со стручно презентирање на планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода на 20.05.2020 година во 09:30 часот.

ГРАДОНАЧАЛНИК
На Општина Кисела Вода
Филип Темелковски